СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Осмото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 февруари 1994 година

Скопје, февруари 1994 година

**8 ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 70-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 22.II.1994- г.**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН - 1..
2. АЛИУ ХАМИД - 9, 10
3. ДРСОВСКИ БРАНКО - 9
4. БОШКОВ ЈОРДАН – 34
5. ГОШЕВ ТУШЕ - 19, 73
6. ГЕОРГИЕВСКИ ПЕТАР - 45
7. КИРОВ ТАШКО - 74
8. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 31, 33
9. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 26, 30, 34
10. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 51, 60
11. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН - 28
12. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 3, 6, 15
13. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 56
14. ПОПОВСКИ КИРО - 3 (води седн.)
15. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 67
16. ПРЕВАЛА ШАБАН - 39
17. ПЕТРОВ ТОДОР - 40
18. САРЕВСКИ КИРИЛ - 58, 59
19. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 57
20. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 5, 7, 8
21. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 11, 53
22. САДИКУ ФЕРИД - 23
23. СПИРОВСКИ ИГОР -63, 68 (прозива)
24. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 25, 26, 28, 36, 37, 48, 63, 72.
25. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 42
26. ТАИРИ ЏЕЛИЛ -50
27. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 14.

Дневен ред:

Т.3. Предл,за донес,на З. за езерска пловидба.

Т.4. Предлог за донес, на З. за вршење на нотарски работи

Т.5. Предл.за донес.на З.за услов. за земање, размен.пренесување и пресадувакње на делови од човечко тело.

Т.6. Нацрт на закон за народн. правобранител.

Т.7. Предл за донес.на З.за основ.на Центар за образов.на кадри од областа на безбедн.со П.З.

Т.8. Предлог.за донес.на З.за Јавно обвинителство.

-ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од осмото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 февруари 1994 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратеникот Гулистана Марковска ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа.

Ве потсетувам дека амандмани на член 1 на текстот на Предлогот на закон поднесоа пратениците Томислав Стефковски и Стоиле Стојков, пратениците Петар Горѓиев, Тодор Димов, Ристо Станковски, Тиме Андонов, Александар Гештаковски, Алил Џаферовски и Љупчо Поповски, пратениците Шабан превала, Џелил Таири, Газменд Ајдерага и пратеникот Трајан Мицевски.

Во меѓувреме пратеникот Гоце Андоновски поднесе амандман на член 1 и амандман за внесување нов член и на член 1.

I/2.CC/OM

Ве известувам дека пратениците Петар Ѓорѓиев, Љубомир Поповски и Шабан Превала го повлекоа амандманот под број 31-517/2 од 17 февруари 1994 година, а поднесоа амандман на член 1 по кој предлагачот не се произнесе.

Во меѓувреме, пратеникот Трајан Мицевски го повлече амандманот под број 31-524/1.од 17 февруари 1994 година и пратеникот Гоце Андоновски го повлече амандманот под број 31-557/1 од 22.02. 1994 година.

Пратениците Трајан Мицевски и Гоце Андоновски поднесоа амандмани за внесување нов член 1 и на член 1 по кој предлагачот не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во тарифната ознака 8703.211, 83.212, тарифната ознака 8703.214, тарифната ознака 8703.221, 8703.222, 8703.223, тарифната ознака 8703.224, тарифната ознака 8703.2311, 8703.2312, 8703.232, 8703.233, тарифната ознака 8703.234, 8703.235, 8703.236, 8703.237, 8703.239, 8703.241, 8703.242 8703.243, тарифната ознака 8703.244, 8703.245, 8703.246, 8703.247, 8703.249, тарифната ознака 8703.311, 8703.312, 8703.313, 8703.314, 8703.319, тарифната ознака 8703.321, 8703.322, 8703.323, тарифната ознака 8703.324, 8703.325, 8703.326, 8703.327, 8703.329, тарифната ознака 8703.331, 8703.332, 8703.333 и на тарифната ознака 8703.334, 8703.334, 8703,336 поднесена од пратениците Томислав Стефковски и Стоиле Стојков.

Го молам предлагачот да се произнесе.

(Во отсуство на преседело со седницата продолжи да раководи потпретседателот, Киро Поповски.

Има збор предлагачот, господин Џеладин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Има толку многу амандмани што тешко се снаоѓам во сето тоа што се бара. Дури и Владата да беше тешко ќе се снајдеше да ги предвиди сите овие шифри, тарифи и ознаки. Би сакал сето тоа да го упростам

Прво, прифаќам да расправаме за амандманот на група пратеници потпишани од пратениците "Петар Ѓорѓиев, Љубомир Поповски и Шабан Превала што би го упростил за сите возила до 2 илјади кубици да се плаќа...

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господине Мурати, подоцна ќе се произнесете по тој амандман, сега е амандманот на господинот Стоиле Стојков и Томислав Стефковски. Тоа се тие тарифи што ги прочита претседателот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас сакам да кажам што прифаќам, а другото останува.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Сега е предмет на расправа овој амандман, дали го прифаќате или не, амандманот на господинот Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Тие се сите слични околу ова. Има некои разлики но и модификации.

Сакам да се искажам дека прифаќам амандмани во кој што се предлага возилата до 2 иљјади кубици да одат во тарифната стапка со 5%. За возилата над 2 иљјади кубици 10%. Го прифаќам амандманот на господинот Трајан Мицевски, Гоце Андоновски во овој закон да влезат и машини за подготвување и култивирање на земја во земјоделството, кортикултурата и шумарството; ваљаци за тревници и спортски терени, а тука спаѓаат: плугови, брани тањирачи, култиватори, плевелки и копачки, тањирачи, машини за сеење, садење и пресадување, растурачи на шталско ѓубре и на хемиски губрива, други машини и делови. Исто така и амандманот од истите пратеници - трактори освен влечните возила од тарифниот број 8709. Тоа се едноосни трактори, земјоделски до 50 КМ7 сила и земјоделски над 50 КШ снага. Сметам дека со ова законот би добил и на гласање и треба да го прифатиме во целина. Инаку, има толку амандмани што треба да одиме еден по еден и да ги гласаме.

Ова беше мојата генерална определба што сметам ќе ги задоволи сите барања и потреби во овој временски период додека не се донесе комплетниот, генерален закон за царински тарифи, во што веројатно ќе има измени, можеби и пониски од овие што се предлагаат тука. Но, тоа треба да почека време да се донесе законот што беше во прва фаза во минатонеделанта седница.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Можеме да извлечеме заклучок дека предлагачот на законот не го прифаќа предлогот на амандманот на пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски бидејќи кажа кои амандмани ги прифаќа. Значи, овој амандман не го прифаќа. Предмета на расправа е амандманот на пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

I/5.-

Другите моментално не се предмет на расправа. Бидејќи предлагачот с изјасни кои амандмани ги прифаќа, произлегува дека овој амандман не го прифаќа.

Господинот Стефковски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, предмет на расправа е токму амандманот поднесен од господинот Стоиле Стојков и мене и се расправа за тоа, значи расправата треба да се води по него. Од тука произлегува дека секое излегување од границите на овој амандман го чини настапот на предлагачот на закон недоследен од аспект што треба конкретно да се произнесе дали го прифаќа поднесениот амандман или не. Ако веќе се произнесува дали го прифаќа или не, тогаш треба да оди онака како што претседателот Андов го постави амандманот, односно онака како што е даден.

Со други зборови, во нашиот амандман има точно одредби што во целост би се поклопиле со она за што се залага предлагачот, господинот Мурати. Ако ѕирнете во неговиот предлог на пример на страница 4 во целост се усогласува со неговиот предлог и тоа за возила над 1500-2000 см. кубни стапката е 5 за нови и 10% за стари. Тоа значи тој прифаќа дел од овие амандмани.

Според тоа треба да бидеме прецизни кога излегуваме и кажуваме што прифаќаме, а што не прифаќаме. Со>ј други зборови сметам дека со излагањето на предлагачот фактички е прифатен дел од амандманите поднесени од пратеникот Стоиле Стојков и лично мене, Мислам дека треба да бидеме прецизни да одиме амандман по амандман како што се предложени.

Доколку излегуваме вон од рамките на предлогот во претресот по нашиот амандман, одиме на други, сега го прифаќаме на господинот Трајан Мицевски, неговиот амандман, на Георгијев и т.н., тоа значи дека веќе имаме нова ситуација, треба да ја прекинеме седницата па да поднесеме амандмани на она што веќе предлагачот го усвои. Тоа е техниката по деловникот тоа е тоа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор предлагачот, господинот Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Мислам дека сфативте дека амандманите на господинот Стефковски и Стојков се прифаќаат во тоа колку што јас изнесов таму дека се прифаќаат, бидејќи се содржани и во амандманот што беше изнесен. Јас не сакав да ги читам ред по ред, секој амандман, бидејќи точно е тоа што и колегите што го предлагаат одат по таа линија.

Друго е прашањето што овде се бара 1500 см. кубни зафатнина од причина што поголемиот дел на населението нема можност да г набави и т.н. Јас мислам дека сепак дел од овие амандмани што се во еден амандман се прифатени и се составен дел на предлогот на закон

Модификацијата е во тоа што одлучивме до2 иљади кубици биде 5%, а над 2 иљади 10%. Нема причина да реагираат луѓето зошто не се прифатени кога тоа е истото. Се разбира, со видни мали измени На пример, се предлага во тарифната ознака 8703.241, 8703.242, 8703.243, за нови возила бројката 3 и 2 се заменува со број 12. Практично, јас прифаќам нешто помалку од ова што се предлага тука. Сметам дека треба да ги задоволи потребите , а со тоа да се прифати и Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ценам дека од излагањето на предлагачот е потребно едно ново договарање, би рекол, за да знаеме навистина како да се произнесуваме по амандманите. Навистина има многу амандмани. оттука, ценам дека дел од нашиот амандман е веќе прифатен од предлагачот, меѓутоа поради деловнички потреби едноставно сметам дека треба да направиме еден мал напор во пратеничката група со предлагачите на нашиот амандман за да може да знаеме на што сме. вака навистина ќе настане една голема збрка и не ќе знаеме што амандмани гласаме и не ќе знаеме што е судбината на законот.

Оттука, барам пауза од 10 минути.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе Ве молам, расправаме по амандманот во целина. Всушност, ќе се гласа тарифа по тарифа. Според тоа, јасно в" се знае за што се гласа.

Не сакам да интерпретирам тоа што го кажаа учесниците, меѓутоа предлагачот кажа дека дел од овој амандман е прифатен бидејќи тој дел е содржан во другите амандмани што тој ги прифаќа од пратениците.

Меѓутоа, ако координаторот бара пауза, дали координаторот бара пауза или чувствува потреба од пауза (да)

10 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи во 13,00 часот).

Продолжуваме со работа.

Претпоставувам, бидејќи господинот Томислав Стефковски побара пауза, сега бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ние ја направивме потребната консултација и дојдовме до еден заклучок дека во случајот треба да се постапува по Деловникот, кога имаме расправа по амандмани на Предлог на закон. Со други зборови, ние не можеме точно да утврдиме дали дел од нашиот амандман е прифатен или не.

Со оглед на тоа што предлагачот најави нова ситуација, имено, прифаќа амандман каде што стапките веќе се губат, наместо стап- ка за ново возило и стапка за возило старо до пет години, се оди на една стапка, имаме нова ситуација во конкретниот случај. Поради тоа, за да работи Парламентот согласно Деловникот, предлагачот треба да биде многу концизен кога излегува на говорницата дали го прифаќа нашиот поднесен амандман или не го прифаќа се до оној момент кога ќе дојде до оној амандман што мисли дека одговара и на неговите замисли за висината на царинската стапка. Само тоа е начинот на кој што мислиме дека треба да продолжи да работи Парламентот.

Јас би сакал да слушнам, ако не го прифаќа нашиот амандман, со тоа да одиме натаму во расправата, но по редоследот како се поднесени амандманите.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Според тоа, предмет на расправа е само овој амандман поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

II/2.-

Пред да дадам на друг збор, сепак, молам предлагачот децидно да се произнесе дали овој амандман го прифаќа или не.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, изгледа денес не знаеме за што работиме. Ние денес не работиме за надворешната трговија. Таму е прецизен законот - до три години. Ако таа клаузула или тој член некому пречи, може да се измени тој закон. Старо и ново возило во царинска тарифа нема.

Затоа, овој амандман на пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски е доста контрадикторен. Тој само два елементи држи според царинската тарифа, за тарифниот број и тарифната ознака. Ако знаеме што е царинска тарифа, овој амандман не треба да се прифати.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Процедурално бара збор пратеникот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека денес расправаме по еден навистина многу важен закон, меѓутоа, јас како пратеник имам една сериозна дилема во себе и не зборувам кој каков амандман има поднесено. Меѓутоа, имам убедување дека и подносителите на амандмани и самиот закон, кој во себе нема никакво образложение, без да имаат одредени биланси, параметри итн. и повеќе ме збуни ова што матичните

комисии воопшто немаат гледано некои амандмани, а во меѓувреме Владата исто така многу бледо се произнесува по овие амандмани, би барал пред да се отвори расправата за овие амандмани, бидејќи со усвојувањето на едниот амандман се негира другиот, односно се усвојува, тука има автоматизам, би барал од Владата, посебно од ресорниот министер едно посложено односно поконкретно образложение за да можам како пратеник понатаму да се определам во однос на утврдувањето на овие амандмани кои се по ред.

Ова не го зборувам случајно. Ми се создаде една дилема еден прекрасен натпис во "Нова Македонија" од одредени коментари во "Нова Македонија" од сабота, дадоа извонреден коментар што значи овој закон во економска, фискална и социјална смисла. Мислам дека сите овие три елементи кои новинарите извонредно ги објаснуваат во "Нова Македонија", јас како пратеник се доведувам во дилема што понатаму, да- ли правиме зло или ја сечеме гранката на која стоиме заради тоа што се рушат сите односи во однос на Буџетот, кој претходно го утврдивме, а сега со амандманите ние се удвараме на едниот и другиот, можеби сакаме некој рејтинг. Меѓутоа, според мене добро е Владата да. го разобличи ова, мене да ме убеди и понатаму да се определувам за амандманите.

**ХАМИД АЛИУ:**

Не ми е до реплика, ниту сакам некои други работи. Меѓутоа, овде во овој Парламент не се работи по тоа кој како пишува во весници. Ако има дилема за стабилизационата програма, ова е документација што овој Парламент ја донесува. Ве молам, најдете каде се наоѓа Вашата дилема во оваа страница.

II/4.-

Почитувани пратеници, до некаде мислам дека господинот Хамид Алиу е во право заради тоа што во нашиот амандман има некои неточности, односно при отчукување има неточности, инаку се работи како што почнува "во тарифниот број и тарифната ознака". Во тој контекст треба да се гледаат и броевите го кажуваат самото. Во тој поглед има- те право.

Меѓутоа, има една друга работа. Ние поднесуваме амандман на Предлог на закон за изменуваше и дополнување на Законот за царинска тарифа, односно го гледаме ова што е предложено од господинот Џеладин Мурати и врз основа на тоа што е предложено, ние предлагаме амандман на одделни царински ознаки, односно тарифни ознаки и тарифни броеви.

Би сакал да го дообјаснам малку амандманот, кој гледам дека на некој начин создава забуна кај пратениците. Да се потсетиме само на претходното продолжение од оваа седница кога сите парламентарни групи се изразија на некој начин дека оваа точка наместо точка 19 треба да биде точка 3 од дневниот ред, заради тоа што е во интерес на граѓаните. Имаме голем притисок од нашите гласачи, односно од граѓани те во однос на намалувањето на царинската тарифа при купување возило од странство. Мислам дека во тој контекст и денес треба да бидат дискусиите на сите пратеници, затоа што тогаш едногласно беше кажано, иако имаше деловнички пречки дека не може на тој начин да се вршат измени на дневниот ред, но ете молкум сите тоа го прифативме на не- кој начин.

Да почнам, во што е суштината на нашиот амандман? Суштината е во тоа што за возила кои се увезуваат, за оние возила кои имаат помала работна зафатнина царинската тарифа да изнесува што помалку. Тоа е основата затоа што имаме состојби, гледајќи ја материјалната состојба на граѓаните на Република Македонија, едноставно ќе има поголемо

купување на овие возила кои се со помала работна зафатнина, а со тоа на некој начин ќе се надомести висината на царинската тарифа.

Да објаснам уште една работа. Овде во Предлогот на законот на Џеладин Мурати гледаме - мене исто така не ме интересира Законот за надворешно - трговско работење, јас го гледам само овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа предложен од господинот Џеладин Мурати. Тука има две царински тарифи, за нови возила и возила стари до пет години. Како пратеник, заедно со господинот Стефковски, имам поднесено амандмани на овие царински тарифи за нови возила и за возила со старост до пет години. Никаде досега не слушнав дека господинот Џеладин Мурати се откажа од оваа втората да ја кажам графа или царинска тарифа за возила со старост до пет години, тоа никаде не го стори, а ако го сторил тоа, тогаш сигурно ќе важи само за една тарифа, она што го предлагаме во нашиот амандман. Така, за возила со зафатнина на цилиндарот до 10 00 см господинот Џеладин Мурати предлага да биде три царинската тарифа, а ние ја намалуваме затоа што се работи за возила со мала работна зафатнина да биде два.

Во однос на санитетски возила, теренски возила итн. предлагаме царинската тарифа за вакви увезени возила да биде само 1,% од познатите причини што тие такви возила се потребни на оваа држава а не сме произведувачи.

Да одам понатаму. Во царинската тарифа за работна зафатнина на цилиндарите над 1000 до 1500 $см^3$ ние предлагаме, како што предлага господинот Џеладин Мурати да изнесува 3%, ние предлагаме да изнесува 4%. Значи, таа фискална политика што често пати слушаме дека треба да се запази, на некој начин ја запазуваме, меѓутоа во однос

на оние возила кои имаат поголема зафатнина, од едноставна причина што тој што има пари да купи да речеме некое возило од 30 или 40 илјади марки, сигурно ќе има пари да плати една царина од 4, 8 или 10%. Во тоа е разликата на амандманите што ги предлагаме, за возила со помала работна зафатнина да има и помала царина, за да можат граѓаните да дојдат до евтини возила. Тоа беше залагање, ако се сеќавате сите вие, кога се донесуваше Законот за царините и на некој начин исто така предлагавме 2 или 3% да изнесува, се дојде до сознание дека тоа ќе се измени во Законот за царинските тарифи.

Тоа е таа состојба. Уште еднаш да кажам, значи за возила со помала работна зафатнина каде што може и кои се поевтини на некој начин, царинската тарифа за увоз на вакви возила да изнесува и помалку, се движи некаде од 2 до 4%. Тоа е во однос на тоа ако сакаме на некој начин да им помогнеме на нашите граѓани кои се во таква материјална состојба, за да може секој оној се разбира што има да купи возило, меѓутоа не да купи такво возило каде царинските тарифи сега се движат во распон од 17 до 25%.

Инаку, на сите ни е јасно. зошто предлагаме за санитетските, влечните и другите возила, кои се потребни на оваа држава, царинска- та тарифа да биде 1%. Тоа се однесува исто така и на овие возила со дизел мотори, со распон од 1000 до 1500 $см^3$, исто така да изнесува помалку, за оние возила повеќе и со една напомена, за возилата како што предлага предлагачот стари до 5 години, за вакви возила ние предлагаме една царинска тарифа која би се движела до 12%, затоа што имаме возила кои се стари и плус тоа знаеме дека и дизел возилата односно дизел моторите се исто така големи загадувачи на човековата околина.

Во тоа е суштината на нашите амандмани. Не знам сега, просто сум зачуден,,предлагачот кој сигурно имал една благородна идеја, затоа

II/7.-

што тој предлага царинската тарифа да изнесува од 2 до 4%, сега наеднаш пред малку се изјасни, иако тоа не беше на дневен ред дека ги прифаќа царинските стапки што ги предлага група предлагачи од повеќе пратенички групи, со исклучок на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, каде што би требало да изнесуваат овие царински тарифи од 5 до 10%. Ако предлагачот прифати еден ваков амандман, мислам дека основната замисла што ја имал со' предлагањето на овој Предлог на закон за изменуваше и дополнување на Законот за царинска тарифа ќе се изгуби, односно тоа граѓаните да дојдат до поевтини возила со помала работна зафатнина,,што мислам дека основната интенција што го натерала предлагачот господинот Џеладин Мурати да го поднесе овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Би сакал да ве потсетам дека времетраењето на дискусијата и по оваа точка ја ограничивме на седум минути и само еднаш во самата точка може да се јави пратеникот. Молам пратениците да се придржуваат кон овој заклучок на Собранието.

Има збор претставникот на Владата, министерот за финансии, господинот Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи на дневен ред е сериозна точка, а Владата како што ви е познато предложи донесување на закон за царинска тарифа, кој беше усвоен како предлог за донесување и претстои негово донесување, во меѓувреме предлагачот господинот Џеладин Мурати предложи измени и дополнувања на Законот за царинската тарифа, за што постапката е поедноставна, значи може да се усвои на истата седница.

II/9.-

Како што ви е познато, ние предложивме исто така да се намалат царинските стапки на тарифниот број 87 - моторни возила, каде не се вклучени само патничките возила, туку и сите други видови возила, освен шинските.

Бидејќи ја слушнавме расправата и на минатите седници на Собранието по Предлогот за изменување и дополнување на овој закон предложен од пратеникот Џеладин Мурати, предлагам, со оглед дека Владата од тогаш немала седница, а сега заседава Владата, сугерирам оваа точка да се одложи, Собранието да работи по наредната точка, а Владата уште еднаш денес, сега, да ги разгледа и амандманите што се поднесени, имајќи ја предвид и расправата на оваа и претходната седница и да излезе со свое мислеше по поднесените - и Предлог-законот кој ги прифаќа амандманите и амандманите и евентуално да најдеме некое решение, кое би било сега најцелесообразно, без Собранието да биде изложено на опасноста да лицитира со разни амандмани, затоа што материјата е доста чувствителна, треба да се имаат предвид сите последици. Јас тоа би сугерирал.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Добро, предлагам да го прифатиме предлогот.

Не мора утре да продолжиме по ова, туку ние продолжуваме со расправа по наредната точка а во меѓувреме Владата и во текот на денот може да ни достави мислење.

Дали предлагачот се согласува?

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот министер Џевдет Хајредини најави дека Владата ќе има седница денес, можеби е во тек, јас се согласувам уште еднаш да ги разгледа и анализира, и предложениот закон и предложените амандмани и најдоцна утре седницата на Собранието да продолжи по оваа точка.

Утре да продолжиме по оваа точка, а не да остане тоа десет дена, месец дена итн. Со овој предлог се согласувам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Добро, предлогот да се одложи расправата за да се прибави мислење од Владата, а тоа мислење најдоцна до утре да го добиеме за да би можело да биде предмет на расправа во Собранието, овој предлог го ставам на усвојување.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

(Некои пратеници дофрлаат од место).

Ве молам, предлагачот не го повлекува законот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ги молам службите да пребројат колку точно пратеници гласаат за предлогот.

Ги молам пратениците од левата страна да кренат рака за да извршат службите пребројуваше.

(Господинот Александар Флоровски дофрлува нешто)

Немојте ве молам, ќе ве отфрлам од салата. Пристојно однесувајте се во салата. Додека не добиете збор не можете да говорите.

За Предлогот гласале 48 пратеници.

Дали има некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Минуваме на **<u>точка 3</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за езерската пловидба.</u>

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратеникот Тодор Петров ви се доставени односно поделени.

Предлагам и по оваа точка секој пратеник да говори само еднаш и тоа во траење од 7 минути а координаторите на пратеничките групи во траење од 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?(42)

Дали е некој против?" (21)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот се прифаќа.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на РМ го усвои предлогот за донесување на закон за езерската пловидба.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќ,е му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела и забелешките од пратеникот Тодор Петров.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на РМ како и забелешките од пратеникот Тодор Петров да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (55 пратеници креваат рака)

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот закон.

Преминуваме на <u>**точката 4**</u> <u>- Предлог за донесување на закон за вршење на моторски работи.</u>

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење од 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење од 15 минути.

Кој е за овој предлог молам да крене рака? (41)

Дали има некој против? (16)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е прифатен.

Предлогот за донесување на закон, извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратеникот Тодор Петров, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор претставникот на Владата, господинот Туше Гошев

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа пратеници, во нашиот правен систем нотаријатите и нотарските работи се новина која за прв пат треба да се уреди со предложениот закон. Во таа смисла установувањето на нотаријатите како недржавна и јавна институција ја има предвид и Предлогот на закон за судовите што се наоѓа во фаза на усвојување пред Собранието, поточно во одредбите на членот 19 став 2 од овој закон.

Во правните системи на Западна Европа вон процесните работи кои се неспорни помеѓу правните субјекти, учесници во правни промет и .вршат јавни служби од видот на нотаријатите, организирани на различен начин. И покрај разликите на нивната организација и во однос на делокругот на работите што ги вршат заеднички карактеристики на овие јавни служби во одделни земји се тие што истите се недржавни јавни институции. Со оглед на таквата нивна природа основањето на нотаријатите, бројот на нотаријатите и нотарите и на замениците, како и на законитоста во работата се во надлежност на министерот за правда и на подрачните основни судови.

Основните законски решенија применети во одделни земји во Западна Европа, како што се Германија, Австрија, Шведска и Турција се имаат предвид и при изготвувањето на овој предлог-закон за вршење на

нотарски работи, што за прв пат се донесува во нашата држава, се разбира прилагоден на нашите потреби и карактеристики на нашиот правен систем.

Во досегашниот развој како и според постојниот закон за редовни судови вон процесните работи во најголем дел се ставени во надлежност на општинските судови, освен некои како што се заверките на потписи и препис^и и земање на изјави, што се ставени во надлежност на органите на управата.

За разлика од постојните законски решенија предлогот на законот за судовите кои се наоѓа во законска процедура на донесување во Собранието на РМ е заснован врз друг концепт. Според него вон-процесните работи судовите ги вршат само по исклучок доколку одделни вон процесни работи со закон не се ставени во надлежност на друг орган или институција. Согласно таквото решение нотаријатите според овој закон ќе ги вршат нотарските работи кои не се спорни меѓу правните субјекти и за кои не е потребна расправа пред суд. Тоа се основните карактеристики со чија примена е утврден делокругот на нотаријатите а кој исто така ќе биде применуван и во иднина при донесување на други закони од вонпроцесната област и врз основа на кои оваа надлежност е разграничена од надлежноста на судовите во вонпроцесните работи, според предлогот на законот за судовите. Во секој случај со тоа листата на прашањата и на нотарските работи што ќе ги вршат јавната институција не е дефинитивно апсолвирана.

Со посебните закони што ќе се донесуваат од вонпроцесната област ќе може да се предвиди и тие работи да се вршат како нотарски исполнети и со споменатите услови.

Покрај тоа основната цел што треба да ја постигне законот е принципиелноста на предложеното решение вршење на нотарски работи

позитивно ќе се одрази на севкупното функционирање на правниот систем на Република Македонија. Имено, се оценува дека со основањето на нотаријатит е основните судови ќе се растоварат од областа на вон процесните работи кои без било какви пречки мошне ефикасно ќе можат да ги вршат нотаријатите.

Исто така, испитувањата укажуваат дека споменатите нотар- ски работи како такви ќе се вршат многу побрзо и поекспедитивно, што исто така е значајна претпоставка за брза и ефикасна заштита и остварување на правата и слободите на граѓаните. Покрај тоа значај но е тоа што на овој начин во вистинска смисла доаѓа до израз вистинската диспозиција на странката во однос на доверувањето и преземањето на споменатите дејства со што се одбегнува и комуникацијата меѓу субјектот и судската или извршната власт, што исто така само по себе има негативен одраз на вкупните состојби на остварување на правниот промет.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Молам, службите да ги повикаат пратениците дека ќе треба да гласаме.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвои предлогот за донесување на закон за вршење на ноторски работи.

2. Владата ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, забелешките од пратеникот Тодор Петров, како и укажувањата од расправата на

седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија, забелешките на пратеникот Тодор Петров и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се доставаат до Владата на РМ и Министерството аз правосудство и управа.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (48 пратеници).

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Молам службите да го проверат кворумот во салата.

(Службите вршат проверка на пратениците присутни во салата)

Очигледно некој не гласал бидејќи во салата има присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>точката 5</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување.</u>

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење од 7 минути а координаторите на пратеничките групи во траење од 15 минути.

Кој е за овој предлог молам да крене рака? (44)

Дали има некој против? (11)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека предлогот е прифатен.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работите тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувани пратеници, дами и господа.

На почетокот дозволете ми да го изразам јас своето мислење дека има потреба од донесување на ваков закон и дека го поддржувам истиот.

Сметам дека донесувањето на овој закон во исто време ќе се реши, како земањето и пресадувањето на делови од човечкото тело заради лекувања како и условите за земање и пресадување на делови од човечкото тело.

Потребата од заокружување на регулирањето на оваа материја ја диктира и нашето скромно неколкугодишно искуство во областа на трансплантацијата.

Јас посебно ги истакнувам и ги поздравувам одредбите на законскиот проект што дава придонес за земање и користење на делови од човечкото тело што доживеало не само клиничка туку и биолошка смрт, односно смрт на ќелиите на мозокот. Исто така, добро е што е предвидена можност на обезбедување делови за пресадување од донаторите но сметам дека во практичната примена за тие одредби треба да се води сметка и за здравјето на самиот донатор.

Се разбира треба да биде строго забранета продажбата на делови од човечкото тело. Своевидна банка за делови на пресадување односно информативен центар е неопходна и таа треба да функционира беспрекорно.

На мислење сум дека за оваа задача би можел да се овласти некој од постојните медицински установи.

На крајот би сугерирал овој закон што побрзо да се изготви и како предлог и истиот да биде донесен од ова Собрание.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесуваше на закон за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон при што ќе ги има предвид забелешките мислењата и предлозите на Комисијата за здравство, ЗПК и од расправата на седницата на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за здравство, ЗПК како и стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за здравство.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?(46)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Очигледно поголем број од пратениците не се изјасниле.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот закон.

Минуваме на **точка 6** - Нацрт на закон за народниот правобранител.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење од 7 минути а координаторите на пратеничките групи во траење

од 15 минути.

Кој е за, молам да крене рака? (35)

Предлогот не е усвоен по оваа точка да биде ограничена дискусијата да биде 7 минути.

Има збор пратеникот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТО ЈАНОВСКИ:**

Господа да биде поинтересно предлагам да се гласа повторно за наредните закони што се на дневен ред да изгласаме еден пакет секој пратеник да има право да говори по една секунда.

(Смеа во салата)

IV/1,- JM/ЉР

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Мислам деловнички не може за повеќе точки да се постави предлог за ограничување на дискусијата. По оваа точка предлогот не е усвоен. Според тоа, согласно Деловникот не може да се изјасни Собранието за пакет точки. Само по секоја точка е утврдено дека може да се ограничува дискусијата.

**ТОМОСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**

Бидејќи претседавачот не даде прием на пакет за овој закон сега за кој се расправа, јас предлагам една секунда.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Г-да, јас предложив во името на претседателство да се ограничи дискусијата. Собранието се определи со гласањето да нема ограничување по оваа точка, бидејќи само 35 пратеници се изјаснија за ограничување за дискусијата. Според тоа, Собранието веќе се определи по оваа точка да нема ограничување на дискусијата.

Минуваме на **<u>точката 6</u>** - <u>Нацрт на закон за народниот правобранител.</u>

Нацртот на законот и извештаите на Комисијата за општествено политички систем и ЗПК, известувањето на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, како и Мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени. Отворам претрес. Кој бара збор

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани, пратеници, овој закон за прв пат е кај нас па требаше посериозно да се сфати. Согласно со член 77 став 2 од Уставот на РМ народниот правобранител ги штити уставните и законски права на

граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања. Тоа значи дека организационата поставеност на народниот правобранител треба да биде таква да истиот може непречено многу брзо и ефикасно да дејствува во заштитата на тие права на граѓаните подеднакво на територијата на цела Македонија. Меѓутоа, функцијата на народниот правобранител утврдена со овој закон не може во никој случај ниту приближно да се оствари, ниту да -биде оправдано постоењето на овој орган, бидејќи ќе има само во Скопје народен правобранител со три заменици. Затоа констатирам дека предложениот закон предвидува таква неефикасна поставеност на народниот правобранител која овозможува само граѓаните на Скопје да бидат привилегирани,во заштита на своите уставни и законски права, бидејќи само за нив е народниот правобранител непосредно достапен и блиску. Така членовите 15,16, 17 и 18 ќе бидат достапни само на граѓаните на Скопје. Јас за ова дадов з&белешки и пак нагласувам сметам дека неопходно беше за организационата поставеност на народниот правобранител да има подрачни единици по општините за да воспоставувањето на оваа функција ја оствари својата уставна цел доколку со овој закон навистина сакаме да постигнеме граѓаните во заштитата на своите уста и законски права да бидат рамноправни.

Би дал втора забелешка на членот 5 на овој закон, па би ви го прочитал членот 5 за да ви биде појасно. "За народниот правобранител може да биде избрано лице државјанин на РМ, дипл. правник со најмалку 12 години работно искуство во струката и кој ужива углед за вршење на функцијата народен правобранител". Со ова ми се чини дека фалело уште слика да се стави, па да знаеме за која личност се готви овој закон и кој ќе биде тој народен правобранител. Досега се практикуваше во време на монизмот обично 6 години сета 12 години. Тоа не е толку битно.

Побитно е уживање на углед. Порано во време на монизмот се бараше друго, да е морално политички подобен. Сега таа документација што беше во ЦК нешто е измешана, па не може да се најде кој е тој морално политички подобен, па сега се гледа углед. Па би го прашал предлагачот кој критериуми ги има за тој углед? Јас мислам најверојатно за еден човек да има углед би требало предлагачот да ги каже следните критериуми. Прво, да зел стан, општествен стан за 5 до 6 иљади марки. Второ, да може тој граѓанин што зел Тојота на сметка на штедачите за неколку иљади марки. Трето, задолжително да биде директор, бидејќи скоро сите од левиот блок се директори,. Четврто,да е замешан со шверц на нафта. Тука е сигурно социјал демократскиот сојуз, тука е Либералната партија, тука е Социјалистичката партија, тука е мекото крило на ПДП, понатаму шверц со оружје, дрога, имаме и такви пратеници. Тие уживаат најголем углед. Па би го замолил предлагачот овие критериуми да ги вметне во Законот и тогаш ќе гласам за тој закон.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Јас му благодарам на претходниот говорник и мене ме чуди како дознал, преку кои извори и кои средства дека јас вчера зедов нафта еден тон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ваков закон не може да се донесе. Затоа што не ми беше уважен предлогот ќе говорам . Дами и господа, уставно задолжение е РМ како држава да има народен правобранител. Ова е уставна институција. Ќе треба да се направи оваа работа да се донесе закон, меѓутоа, дали овој

текст, или некој друг тоа ќе биде предмет на одлука на предлагачот. Како е дадено решението во дадениот нацрт, јас начелно само ќе кажам, колку што јас можам да сфатам контрола во работа треба да има ингеренција на одлука да се нешто и одлучи, односно да се даде налог да се чини, или не. Ако народниот право- бранител има функција да превзема дејствија пред надлежни органи, тогаш тој не може да врши контрола, туку може да има само право на увид. Што значи дека предлагачот даденото решение во член 11 став 2 народниот правобранител ја контролира не само законитоста, туку и целисходноста. Тогаш би дошло во прашање да има ингеренции на заповест, што значи дека оваа функција по Уставот правобранител не може да ја има. Понатаму начинот на неговото дејствување кога и кои постапки ќе ги превзема. Во член 14 предлагачот говори во рок од две години од денот кога е сторена повредата. Г-да овие рок< навистина се потребни, меѓутоа тие рокови мораат да кореспондираат со општата застареност на правата кои можат граѓаните да ги остварат. Ако ваква работа се констатира вон тој рок граѓанинот не ќе има никакво право, па се поставува прашање, дали ќе треба да работиме за она што веќе и законот го одобрил со времето на протек.

Во понатамошниот текст за условите како ќе се јави народниот правобранител пред одредени органи, дали како подносител на иницијатива, или како тужител, така да кажам треба да има и странечко право. Со Уставот на народниот правобранител не му е дадено право да е странка во постапка. Тој само може да покрене иницијатива. Со овој закон ќе треба да се одлучи кој ќе биде странка во постапката, тоа кој ќе ја има активната улога.

Она што говореше колегата Ковачевски за тоа кои треба да бидат профили на личноста која ќе биде назначена, односно избра на за народен правобранител, навистина тоа беше алегорија, затоа што и

Законот дава само општи црти. Јас би му предложил на предлагачот да има тој сам конкретни предлози, да не ги користи уставните решенија бидејќи законот се носи да ги дооработи и оживотвори решенијата на Уставот, а ако се преземаат само решенија како што се дадени во Уставот, тогаш се говори за повторување на иста содржина што не е ни потребна да се внесува во Законот, туку ќе се користат одредбите од Уставот.

На крај, одлуката што треба да биде донесена по однос на интервенција на народниот правобранител треба да има и содржина Со овој закон штом се врши таква интервенција треба да се знае дали и кој ќе биде задолжен да ја отстрани и што ќе биде ако не се отстрани најдениот недостаток, или фалинка во извршување на дејствијата од државните органи со кои е повредено правото на граѓанинот.

Дами и г-да, со овој закон и уставното решение сакаат да воведат еден принцип на заштита на правата на граѓанинот нанесе ни од неправдата од државата. Во тој случај тие мораат да имаат содржина, а не да бидат само констатирани. Декларативниот однос е сознание и на самата странка дека му е повредено правото, а одлуката треба да има содржина, да каже, за повреденото право се овие последици по однос на државата. Такво решение во законот не се нуди.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Јас имам реплика, бидејќи бев спомнат. Околу тој тон нафта, ние податоци немаме за тон нафта, но имаме податоци за цистерни и композиции на цистерни. За тоа може да се каже, а за тон нафта немаме, тоа е ситница за нив и со тоа не се занимаваат. Исто така, и композиции на цемент од Усје, сето тоа го имаме.

IV/6.-

Со закон е утврдена постапка и место каде што се пријавува, а за неовластена изјава вон оваа сала и кривично се одговара.

Дали некој друг бара збор?

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, да кажам, уставнат& функција на пратеникот не е да се најде само во улога на критичар на предлозите што ги даваат овластените предлагачи, Владата, или како што имаме наведено таму со иницијатива на 10 илјади потписи, е и да се најде во улога на предлагач на некој текст на закон. веројатно тоа е малку потешка улога која еден пратеник во својот мандат треба да ја одигра, бидејќи да речам, ние сега го градиме нашево законодавство и еден дел од институциите на правниот систем и на политичкиот систем ги немаме воспоставено Затоа да речам секој напор на одреден начин треба да привлече внимание прво, да се разгледа од неговата добронамерност, а потоа веројатно со критиката и постоењето на аргументи да се оповргне некој предлог итн. Мислам дека оваа фаза во која се наоѓа нацртот на законот за народен правобранител трпи една критичка забелешка од проста причина што овој институт не е познат во нашата пракса Ние во општествено политичкото уредување имавме јавен правобранител имавме правобранител на самоуправување итн. Дел од тие ингеренции да речам што овде се даваат во функцијата народниот правобранител на друг начин се остваруваа. Меѓутоа, беше поинаку поставена, беше поинаков политичкиот систем, таканаречениот делегатски систем каде што делегирањето одеше на ниво на општини. И оттука да речам оваа забелешка која ја прифаќам најдобронамерно народниот правобранител да има свои испостави во секоја општина,не. произлегува од фактот што општината има улога на самостојна општествено политичка заедница како што ја имавме, па оттука да произлегуваат и ингеренции на власт, бидејќи сето тоа помина во Републиката и во надлежните министерства кои да кажам грански,

подрачно се делат во општините. Според тоа, точната локација на овој орган може да биде таму од каде што произлегува и повредата кога таа се случува од позиција на државен орган, т.е. од надлежните министерства. тоа не смета ако сме ние богата држава, народниот правобранител да биде дислоциран со свои помошници и со друг административен апарат низ целата Република. Тука тој концепт не се заговара.

Што се однесува до тоа што е, која е основната функција искуствата во светот, а традицијата на омбудсманот како институција е позната повеќе од 170 години почната од Шведска па натаму, покажува дека има различни пристапи во однос на прашањето дали контролата над законитоста и уставноста народниот правобранител и таканаречениот омбудсман ја врши само во однос на исполнувањето на законските обврски, или се работи и за таканаречената целисходност во постапките што државните органи ги прават. Значи пропуштањето на дејствија кога вие ќе се обратите до некој орган и тој не ве услужува е исто да кажам повреда која треба на одреден начин да се подведе под работа на овој народен правобранител. И затоа јас како предлагач сум му дал широки овластувања, онака како што тоа се препознава во другите системи од западните земји кои го користач овој институт да тој во многу работи од иницијативата преку право да го викне службеното лице, на одреден начин да го сослуша, да им достапност до секој документ кој државниот орган го има, или пак како застапник на граѓанинот да може да се појави во негово име пред надлежниот орган во кој се води постапка сметам дека само ја зацврстува улогата на еден ваков институт, една ваква потреба на граѓаните, бидејќи денеска не е доволно, да речам по одредена повреда кога граѓанинот ја чувствува на основа на барања, или не знам што во управната постапка, тој да чека единствено во второстепената постапка, или пред надлежниот суд да ја истера правдата.

V/1/РД/лј

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ: (**продолжение)

Што се однесува до условите кој може да биде, кој не може да биде народен правобранител, логиката на постоењето на ваков институт е некако најблиска до функциите кои да речам, се во правосудството Логиката е тоа да бидат правници. Не е позната логиката да постои некоја друга струка на пример, лекар или не знам што. Тоа е едниот критериум.

Вториот, угледен правник да биде 12 години. Да не се залажуваме. Практиката е таа која да речам, бара некои оценки за успешноста или неуспешноста на некоја струка или поединец кој се бави со таа струка. Сигурно мислењето за нас како пратеници на почетокот на мандат беше едно, а по четири години е друго. Исто тоа значи и за практицизирањето на некои кој се занимава со право, со економија, со медицина итн. Мислам тој не е лош критериум. Ова што велите како се доаѓа до угледен. Видете сега ние сите вредности и критериуми ги поместивме во нашето општество, меѓутоа, тие се создаваат. Бидете убедени дека луѓе полека полека ќе ги распознаваат нештата и ќе судат по тие нешта. Мислам дека тие можат да се опредметат во една професија која се работи за правни, код има точно определено место, или е судија, или не знам што е во претпријатието итн. Според тоа, мислам дека овој израз го употребуваат законодавствата и во други земји, ако мислите да кажам смета, јас едноставно ќе го избришам меѓутоа, мислам дека тој не пречи, не е во таа смисла да речам, дециден ако се сака да се гледа од позиција на тоа како закон да му дадеме значење, меѓутоа, не пречи да се избрише.

Што се донесува за роковите, не знам за каква општа клаузула која укажува на застареност на роковите по уставот, мислев дека е две години, разумен рок, прво, заради почетокот со кој ќе се соочи тој орган, бидејќи мора да се занимава така да речам, со методи кои биле во минатото. Ако е тој некој разумен рок, ние не знаеме колкав е квантумот на повредите што државните органи ги имаат во однос на граѓаните. Ние

V/2.-

од некаде мораме да почнеме и тие две години ми се чинеа ако разумен рок во кој може да се земе еден предмет на работа во однос на овие случаи кои ќе се пријават до народниот правобранител како повреда на уставни и законски права на граѓаните. Јас ќе се потрудам, бидејќи тоа ми го дава правото од Уставот како предлагач овие сите забелешки кои конструктивно ги даде и Владата и пратениците овдека да ги вградам и да го предложам Предлог-законот за народниот правобранител.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувано пратеници околу у гледната личност предложено му е на предлагачот место тоа да стои, треба да стои правосуден испит. Тоа е многу поважно, отколку да стои угледна личност. Во тоа е замерката. На каква положба ќе биде тој човек без правосуден испит. Тоа ќе биде срам за нас.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа Институтот народен правобранител забележан е в< Уставот на Македонската држава. И час поскоро беше потребно вака со закон донесен. Како што јас можам да си припомнам, не е прв пат да се поведува постапка за негово донесување. Опструкции постоеја и претходно. Едно од главните опструкции е назначувањето на сегашната Влада за една година и подолг период да не се донесе ваков предлог кој би произвел назначување на лица задолжени да ги испитуваат постапките на извршната власт пред се, со кои постапки дошло до нарушување на индивидуалните права на граѓаните, за мене сведочи овака долгото одолговлечување на предлагање, па сега дури мора и пратеник тоа да го пред ложи, сведочи за една неподготвеност да се институционализира демократскиот облик зацртан во Уставот.

Ако се присетиме на назад на фазата на донесување на Уставот во првите нацрти, -.институтот Омбудсман не беше спомнат. ВМРО-ДПМНЕ имаш свој советник професор од Филаделфија па на негово инсистирање

V/3.-

беше внесен ваков инстиггутоаналогно на искуствата од Шведската демократија, Би заклучил со тоа што кај нас да се институционализира оваков механизам за надзор и контрола врз дејствијата на власта кон граѓаните во овој момент ќе може да реззлтира со лавина од поднесоци, од барања на граѓаните. Само еден ситен пример. Собраниево фалејќи се, или залажувајќи се дека се води стабилизирање на стацијата на стопански план донесе конечно еден систем за даночните обврски кој наликува на потребите на едно пазарно стопанство. Но, од тој систем за опорезување на граѓаните резултираат и обврски на поединците. И секако тие обврски ќе се подмируваат во интеракција со властите. на пример како може нашиот граѓанин да си процени имот. И што ако тој си процени имот а потоа власта не е задоволна со личната проценка на граѓанинот и по нејзино наоѓање може да биде поголем износот на основицата. Како резултат на тоа граѓаните масовно ќе поднесат барања до правобранителот да се испита таа околност. Јас сметам дека заживувањето на еден ваков институт ќе биде деликатна појава, но воедно ќе придонесе за транспарентност на администрацијата. На пример многу тешко ќе биде замисливо да се обрати граѓанин со барање за доделување локација, било за дуќан, било за куќата властите да не му дадат одговор во еден разумен рок, туку тој рок да биде надминат со недели, месеци, може би и подолго.

Доколку се овозможи народниот правобранител да интервенира при вакви појави, а тоа е целта на предлогот, тогаш постапката или дејствијата кои се случуваат зад шалтерите ќе бидат повеќе провидни или транспарентни. Така да ќе резултира со поголема демократичност. Но, лично имам извесни резерви дали ќе може при ваквата поделба на власта да се оствари овој зацртан механизам во Уставот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?. (Никој)

Бидејќи никој, друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

V/4.-

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на законот за Народен правобранител, поднесен од пратеникот Зоран Крстевски.

Второ, Собранието го задолжува предлагачот на законот да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон за Народен правобранител, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, мислењата на Владата на Република Македонија и расправата од седницата на Собранието на -Република Македонија.

Трето, овој заклучок заедно со извештајот на Комисијата за општествено - политички систем на Собранието на Република Македонија, мислењето на Владата на Република Македонија, како и изводот од стенографските белешки од расправата од седницата на Собранието да се достават до Предлагачот на законот пратеникот Зоран Крстевски.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реков процедурално. Во што се состои прашањето и мојата забелешка. Ние со Уставот имаме поделба на законодавна извршна, и судска власт. Собранието не може никој да го задржи тоа да го направи како законодавно тело. Иницијативата потекнува од предлагачот. собранието ќе прифати донесување на таков закон, што ќе направи предлагачот е негово право, ние не можеме да го задолжуваме. Затоа не треба да гласаме за такви заклучоци. Само ќе гласаме дали се прифаќа да се донесе, а не задолжение. Тогаш каков таков вие ме задолживте со ова, јас тоа го нудам. И не може да каже дека е негов предлог, туку е предлог на Собранието. Тоа се прашања кои ние мораме еднаш да ги уважиме и да се осознаеме.

V/5.-

Ќе ве молам, собраниската процедура важи за секој предлагач, без разлика кој е предлагач на законот. Предлагачот може да го повлече законот, меѓутоа, доколку влезе во процедура, тој мора а ја почитува процедурата која што е утврдена во Деловникот за работа. И согласно законот за усвојување на вакви законски текстови. Според тоа, мора да се придржува на секој предлагач без разлика дали е од извршната власт, дали предлагач е пратеникот, тој мора да се придржува на процедурата што е утврдена од страна на Собранието. Според тоа, Усвојувајќи го Нацртот ние го задолжуваме да подготви предлог. Во случај кога тој не го повлекува нацртот тогаш останува во неизвесност дали воопшто ќе излезе со предлог, ако не биде задолжен во одреден рок да поднесе Предлог на закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа во што е мојата интервенција. Ако некој се задолжи а не исполни, има казнени одредби. Ние немаме казнена одредба, оставена е на волја на предлагачот и со тоа нема задолжение. Во правото има ред и ние мора да го почитуваме тој ред. Принципите не се ни мои не се ни ваши. Луѓето со години создавале учеле, усвојувале и така се направило. Јас тоа го почитувам како принцип на науката.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам пратеници штом предлагачот го предлага законот тој е заинтересиран да се донесе тој закон, инаку не би го предложил. Сега ние треба да го казнуваме, какви се тие дискусии ако тој не сака да го предложи.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (46)

Кој е против? (ј2)

Кој се воздржува? (7)

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

V/6.-

Преминуваме на **точката 7.**

Предлагам и по оваа точка пратеникот да говори само еднаш и тоа во траење од 7 минути, а координаторите на пратеничките групи до 15 минути.

Молам кој е за овој предлог? (41)

Дали некој е против?: (13)

Дали е некој воздржан?(4)

Молам да се провери дали има во салата кворум.

Во салата се 64 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на точката 7.

Предлог за донесување на закон за основање на Центар за образование на кадри од областа на безбедноста, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Закон.

Комисијата за образование наука и култура,Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Комисијата за контрола на работата на службата за државна без бедност, предлагаат Собранието на оваа седница да го разгледа и усвои само предлогот за донесување на овој закон од причини наведени во нивните извештаи.

Молам кој бара збор?

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Јас сметам дека треба да се донесе еден ваков закон, закон за основање Центар за образование на кадри од областа на безбедноста. Во таа смисла го поддржувам Предлогот, но, само под услов во тој закон да биде вклучен и сегашниот Факултет за безбедност, што за овие години сметам дека се потврди како современа високо школска институција, оправдувајќи го и своето постоење и перспектива.

Тоа што како компензација се предлага за сметка на укинувањето на сегашниот Факултет за безбедност, мислам дека не е решение. Имено, идејата за формирање Институт за криминалистички истражувања како и специјализација на кадри од други струки од областа на криминалистичката што се разговара во образложението на Предлогот на законот сметам дека не држи, бидејќи има сознанија дека во моментот на Факултетот постои и Институт за работење и можност за специјализација. За тоа впрочем говори наставниот план што е даден преку едно писмо со кое се обраќаат од Факултетот.

Малку зачудува тоа што се предлага укинување на Факултетот за безбедност, односно криминалистика во време кога сознанијата го- ворат за тоа дека криминалитетот е во го нема експанзија кај нас, кога зема замав организираниот криминал и кога почнуваме да се плашиме за безбедноста на нашите деца и нашиот гол живот.

Со укинувањето на Факултетот се оценува дека се укинува една професија на криминалисти и дипломирани криминалисти, се укинува базичното континуирано криминолошко и криминалистичко образование и се враќаме на курсеви , како пред 30 години. Нереално е да се очекува потребите од ваков вид на кадри единствено да се школуваат во странство.

Интересно е што досега никого од Универзитетот не го загрижува тоа што се укинува Факултет, иако тој е членка на универзитетското семејство "Свети Кирил и Методиј". Ова толку повеќе што за вакво нешто се уште се нема произнесено Универзитетскиот совет, на што е обврзан со Самоуправна спогодба.

Во таа смисла мислам дека треба да се поддржи ставот на Комисијата на ОН и СЗ. Се предлага укинување на Факултетот во време кога повеќе соседни земји основаат такви институти по урнек на нашиот наставен план, велат од Факултетот за безбедност, а ние што го развиваме и имаме, сакаме да го укинеме. Сметаме дека во овој момент факултетот за криминалистички науки е оптимално решение, бидејќи образува кадри за раководење со полицијата, кадри за криминалистичка полиција и за други безбедносно - разузнувачки органи.

Поради тоа се залагаме за компетентно согледување на оваа проблематика за да не дојдеме во ситуација да го уништиме она што го имаме, а немаме подготвено соодветна замена.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор г-динот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Го прифаќам предлогот на Комисијата за политички систем и за одбрана, Предлогот за донесување на законот да оди во прва фаза на оваа седница, а во подготовките на Предлогот на законот, како втора фаза, кој треба да пристигне на усвојување во Собранието, да се имаат предвид забелешките на работните тела, пред се по однос на прашањата за статусот и понатамошното егзистирање, односно постоење на Факултетот за безбедност.

Ако добро ме држи паметењето, од страна на пратениците беше поднесен еден предлог за основаше воено - полициска академија што би ги задоволувала потребите на РМ од подготовка на кадри за областа на безбедноста и одбраната и Владата по однос на тој предлог даде позитивно мислење со став дека сепак би било подобро, би било поцелисходно наместо една единствена воено - полициска академија, како заедничка установа за подготвување на кадри во областа на одбраната и безбедноста да се основаат одделни установи од областа на високото образование за подготовка на кадри за безбедноста и одбраната на државата, односно да се основа посебна полициска академија, посебна воена академија.

Имајќи го предвид тоа претходно мислење на Владата, сметам дека од страна на ресорното Министерство е изместен нивниот последен став и во Решението за оваа седница како Предлог за донесување на закон со Предлог на закон, понудено е едноставно укинување на факултет за безбедност. Сметам дека и постоењето на Институт за криминалистика би можело да се установи во рамките на Факултетот за безбедност, иако мое лично мислење е дека би требало Факултетот да се основа како полициска академија со четиригодишно образование.

На Собранието му предлагам Предлогот на законот да не биде усвоен на оваа седница, односно Владата да биде задолжена на Собрани- ето да му предложи за втора фаза на наредната седница Предлог на закон за основање на Центар за образование на кадри од областа на безбедноста. Би било пожелно да се размисли дали е целисходно во еден ист текст да бидат регулирани односите во сферата на образованието кадри за областа на безбедноста од средното и високото образование.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Збор има пратеникот Благој Тошев.

VI/4

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници,

Ние го добивме Предлог-законот за основање Центар за образование кадри од областа на безбедноста, а истовремено добивме и една информација од Факултетот за безбедност.

Согледувајќи ја и едната и другата материја интересно е тоа што има прилично контрадикторности во таа смисла што ако Владата сметаше да се формира односно да донесе ваков закон за основање Центар за образование, редно беше на Факултетот за безбедност да му обрне внимание за одредени недоследности или одредени забелешки што се направени или не се направени на овој Факултет за безбедност.

Ова го велам од причини што кај нас е пракса , на пример оваа Институција, Факултетот за безбедност функционира некаде околу 17 години и сега наеднаш доаѓа еден закон да се формира еден Центар за образование, а веќе имаме еден ваков Факултет. На таа основа сакам да се задржам со една мала дискусија во врска со ова.

Факултетот за безбедност во моментов е трансформиран, како што знаеме во Факултет за криминалистика и основан е уште 1977„година. Тој образува кадри со више, високо и на високо образование од областа на безбедноста, а за потребите на МВР установите за извршување на кривични санкции, царинска служба, АРМ, претпријатијата итн. На факултетот, покрај образовната, се врши и научно - истражувачка и апликативна дејност. Факултетот за криминалистика е единствена високо- школска установа во земјата што образува кадри со ваков профил. За овие 17 го- дини постоење Факултетот успеа целосно кадровски да се екипира со 15 д-р на науки и четири магистри и тоа во редовен работен однос, а со сопствен кадар целосно ги покрива предметите од областа на јавна и државна безбедност, успех за почит,

бидејќи тоа не го постигнуваат факултети ни со подолга традиција. Исто- времено на база на ова, во самата Информација можеме да забележиме дека за овие 17 години со звањето криминалист и дипломиран криминалист се стекнале околу 600 студенти од нашата земја.

Актуелниот наставен план и програма, изготвен од врвни стручњаци од областа на криминалистиката и криминологијата од нашата земја и странство е предмет на интересираше и се зема како урнек при отворање на слични факултети и во други држави како што е Словенија, Босна и Херцеговина итн. Во него , доминантно место имаат предметите од областа на државната безбедност и криминалистиката, предмети што не се изучуваат на ниту еден факултет во нашава држава.

Факултетот едуцира кадри кои стручно физичко, па и психолошки се подготвени да се фатат во костец со зголемувањето на криминалитетот кој,патем речено,е во експанзија како во сите поскомунистички земји, така и во нашата.

И, каков парадокс? Криминалитетот и тоа во сите бои и нијанса е во пораст, а се предлага укинување на Факултет кој образува кадри за борба против него. Да не е трагично, би било смешно.

Познато е дека борбата против криминалитетот се води на превентивен и репресивен план, односно на планот на неговото спречуван Ако дојде до вршење на дело на негово откривање, разјаснување и до- кажување,кадрите што го завршуваат Факултетот за криминалистика се вклучуваат најнепосредно во таа без поштена борба и тоа како на превентивен, уште повеќе на репресивен план. На криминалитетот, како на сложен општествен феномен, можат да му се спротивстават само научно и стручно образовани кадри кои добро ја познаваат неговата етиологија и феноменологија, а со кои посебно се занимава криминалистиката и криминологијата.

Позади нас е времето кога неговото откриваше, а особено докажувањето се врши со присилни мерки. Употреба на сила, тортура, присилба, тоа е својствено на период од инквизицијата. Ниту на еден друг факултет,нити високо школска установа, во државата не се образуваат кадри чиј непосреден предмет на работа ќе биде борбата за сузбивање на криминалитетот, како опасна општествена појава. Таа, итекако може да ги нагризе нејзините фундаментални вредности, за што и во поновата историја имаме доволно примери.

Правниците, економистите, инженерите, лекарите се школуваат за вршење на други значајни дејности во општеството. Нивното вработување во МВР на работни места што се предмет ја имаат борбата против криминалитетот, се чини и тоа како од органот, уште повеќе од кандидатот, поради тоа што се ограничени можностите општеството да ги прифати овие лица на соодветни работни места. Да веруваме дека инженерот или лекарот, никогаш не сакаат да бидат криминалисти или криминолози. Сонот на правникот е вработување во суд, обвинителство, адвокатура и слично. Економистот, својата афирмација ја бара во претпријатие, банка и слично. Меѓутоа, не е спорно дека и на МВР и се потребни определени работи и работни задачи за што се потребни правници, економисти, инженери, лекари и слично, општи служби, финансии, врски, амбуланти итн., но тоа се споредни дејности на МВР.

Основната негова дејност треба да биде вршена од луѓе школувани за тоа, т.е. од криминалисти и дипломирани криминалисти.

Поради сето ова изнесено, стојам на становиште дека во моментов Факултетот за безбедност е оптимално решение за задоволување на општествените потреби со вакви кадри. Ние него да го немаме, денес треба да зборуваме за формирање на таков Факултет, а не за

укинување, на кој начин може да се доведеме во ситуација да укинеме установа, а да не обезбедиме соодветна замена.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Петар Георгиев.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници,

Пратеничката група на Либералната партија ги поддржува извештаите на Комисијата за внатрешна политика и народна одбрана, Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност, само во делот на Извештајот каде што се предлага законот да се донесе во две фази, односно денеска да не расправаме по Предлогот на законот и исто така, и на Комисијата за образование и култура.

Пратеничката група на Либералната партија смета дека донесување на закон за основање Центар за образование на кадри од областа на безбедноста, да се донесе во две фази и тоа од причини што во самиот закон се нуди само образование од областа на безбедноста во средното образование, додека со самиот закон се укинува Факултетот за безбедност, а исто така, до крај не е ниту разработен предлогот со кој што се предлага понатамошното образование на кадрите од областа на безбедноста да се врши во Институтот за криминалистика.

За ваквото решение сметаме дека треба да се произнесе Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" , бидејќи од она што можевме да го проследиме во делот на претходната расправа и од она што беше во функција на донесување на самиот закон, очигледно е дека во рамките на Универзитетот не е расправано по однос на Предлогот за донесување на овој закон, а се однесува за закон што упатува на решенија што не се применливи во овој момент во делот на образованието.

Посебно, Комисијата за образование го нема прецизирано својот Предлог и сметам дека треба да се прецизира. Иако во Извештајот на Комисијата за образование јасно се упатува на потребата од произнесуваше на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, затоа што само така може да дојдеме до одредени решенија што ќе бидат на одреден начин канализирани односно решенија што ќе бидат прифатливи.

Сега не би се впуштал во делот на конкретни предлози во насока во која треба да се оди во делот на обликување на Предлогот на законот затоа што таквото обликување бара стручно согледување, а секое предлагање што не е добро проанализирано можеби во овој момент би водело во погрешна насока. Само би укажал на тоа дека се можни разни облици во делот на понатамошното образование на кадри од областа на безбедноста, посебно во високото образование, со тоа што , како што во еден дел самиот предлагач укажува на тоа дека потребата за укинување на Факултетот е во функција на тоа во безбедноста да се отвори простор за вклучување на кадри што не се само образовани на овој Факултет, туку и кадри што се потребни во областа на безбедноста и од другите струки, односно другите насоки.

Сметам дека и тоа е можно да се надмине доколку во Предлогот на закон се овозможи или предложи решение, што ќе обезбеди школување кадри само со VII степен на образование, а VI степен на образование да го стекнат на постојните факултет каде што се образуваат и сега одредени кадри. Инаку, сметам дека потребата од високостручни кадри во областа на безбедноста итекако е сега изразена, посебно во делот на тоа што сега сме самостојна и суверена држава , што треба да има кадри кои ќе се носат со проблемите што ги имаме во областа на криминалитетот и сигурно не дозволиме одредени кадри кои до сега се школуваа на одреден начин да не бидат на правите места за кои се образувани.

Со тоа ќе се овозможи постручно да се согледа целата проблематика, а воедно да се најде и место за делот на користењето на Центарот што денеска е организиран исклучиво за една ваква дејност. Сметам дека со едно такво решение ќе се најде или ќе се обезбеди можност за школување кадри со високо образование.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор г-динот Стојановски.

VII/1.- ЛП/ОМ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, има став на Законодавно правната комисија, утврден со мнозинство дека треба да се донесе овој закон. Како претседател на таа Комисија ставот на Комисијата треба да го застапувам или крајно не можам да го изменам.

Меѓутоа, допуштете ми овде да говорам како пратеник кој ќе има свој став и размислуван»е зошто сум бил против во одлучувањето пред Законодавно правната комисија.

Овој закон не треба да се донесе од следните причини. Одредбата на член 46 на Уставот на РМ говори за автономија на Универзитетот. На Универзитетот му се призна автономија. Услови за основање, вршење и престанок на дејноста на Универзитетот се уредуваат со закон што значи дека ќе треба да се донесе основен закон за Универзитетот.

(Уфрлување од место: "за Универзитетите, два универзитети имаме").

Дозволете да кажам, па дури тогаш да може да се говори и да се расправа дали со еден закон за средно училиште ќе може во преодни и завршни одредби да се донесува одлука за престанок на еден факултет.

Системскиот закон не е донесен. Пред извесно време во процедура односно во ова Собрание од страна на Владата беше поднесен закон за средното образование. Веројатно и нужно е, ќе следи, во догледно време да се предложи и донесување на закон за Универзитетот. Тогаш во него ќе се задоволат условните одредби, под кои услови ќе се основа, ќе работи и ќе престанува Универзитетот и дали ќе може во тој случај, со

преодни одредби, за други степени на образование да се одлучува за укинување на еден факултет.

При Универзитетот Свети Кирил и Методиј има Универзитетски совет, кој ја уредува токму оваа материја, кога дава свои мислења и предлози за основање, работа и престанок на еден од факултетите. Овде Министерството за внатрешни работи, преземајќи улога на научна институција, се јавува со предлог за средно образование, за образование на полицајци да смени факултетски образовани луѓе. Дали сега како држава ќе имаме интерес да држиме курсеви за образование од 30, 45 или 60 дена, да го укинеме Факултетот за безбедност, а тие сознанија на луѓе ќе треба да ги вршат овие дејности да ги вршат овие дејности во полициската дејност да ги обучаваме со 35-40 дена курс.

Ова го кажувам како причина зошто вака размислувам. Меѓу- тоа, основниот мотив во моето залагање е нарушувањето од одредбата од член 46 од- Уставот. Ако на Универзитетот му даваме апсолутна автономија, тогаш не можеме да се мешаме во неговите надлежности и потреби преку одлуки на одделни министерства. Од таа причина сметам дека предложениот закон се коси со уставната одредба на член 46 и за него не може да се расправа токму во оддел, почнувајќи од член 24 па до член 32, без него, каде се дава одлуката за стапување во сила. Што значи дека овие одредби што ги кажав, кажав од кој до кој член се, се спротивни на Уставот.

Затоа, крајно, ако Собранието има намера да го прифати донесувањето на овој закон, да прифати предлог на одделни колеги пратеници или пратенички групи, не ме интересира на која групација припаѓаат во Собранието, ова да оди во повеќе фази, каде ќе може да се дејствува разумно со амандмани или со делување на предлагачот овие

одредби или да ги повлече или да најде поинакво решение од она што го предлага во сегашниот текст.

Имам два предлога.

Прво, овој закон нема уставна подлога, а вториот дел, ако ова не се прифати, затоа што одлуката ќе има сила ако Вие со мнозинство гласови го прифатите мојот предлог, ако не, барем другиот дел каде ќе настапи разум, да оди во две фази, па Собранието со мирна душа да изгласа нешто.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Џелил Таири.

Ги молам службите да ги повикаат пратениците, бидејќи како да се осипа салава.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, уште на почетокот сакам да дадам поддршка на Предлогот за донесување на овој закон.

Исто така, ја поддржувам иницијативата, во рамките-- на Центарот, да се вклучи постојниот факултет за безбедност односно криминалистика.

При тоа, во практичното функционирање на овој Центар да се води сметка за што поголем опфат и на студенти од редот на албанците, бидејќи и за нив, со децении, вратите на овие установи биле затворени. И ден денес има голем број молби кои чекааат на разгледување од страна на студенти албанци, за кои не се решава. Со поголем опфат на студенти од редот на албанците, ќе се оствари еден важен сегмент на рамноправност на албанците во Републиката.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Коле Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници, јас имам едно друго видување околу овој закон, иако го сметам за сложен закон. Прво и прво, предлагачот на законот нуди еден заклучок, можам да кажам единствен заклучок со една замена на една форма на установа со друга форма на јавна установа, односно со престанувањето на факултетот за безбедност и општествена самозаштита со намера го кажувам тоа бидејќи така стои во образложението и во еден од членовите, да се формира една друга јавна установа односно институт за криминалистички науки и истражувања Тоа е во перспектива. Значи, законот е даден во една идна форма, без да нуди некои чист и јасен став. Зошто? Самиот закон Центарот го трансформира, од еден Центар со изучување на неколку степени , од 1 до 7 степен, во еден Центар од профилот од средното образование и тенденцијата на предлагачот е погрешна во целина . Зошто? Ќе наведам неколку примери и од светот, каде се применува вакво закон.

Се оди тотално на едно парцијално видување, без согледување на сложеноста на законот, односно нема закон за установи, а нуди нова установа. Центарот прераснува од досегашниот Центар во Центар ѕ средно образование, како второ, многу бидно и многу важно, без да се согледаат можностите што ќе понуди идниот закон, од сегашниот закон за насочено образование во сегашниот закон за средно образование.

Значи, иако во самото образложение се покажува дека има соработка со Министерството за образование и физичка култура,од самиот закон може да се заклучи дека никакво согледување и никаква соработка нема со тоа Министерство, бидејќи текстот на законот опфаќа форми така наречени досегашни форми од средното образование.

Трето, мошне е проблематична хоризонталната неподвижност, како кажува таму, на тесно специјализираните кадри. Што значи тоа? Занимањето пожарникар во траење од 3 години како а). Под б) предвидува вака: занимањето полицаец во траење од 4 години кои практично во иднина нема каде да се вработат, освен да се изврши една чиста гетоиизација со новата генерација. Зошто тоа го употребувам, односно самиот збор гетоиаација1? Во светот не се познава форма на изучуваше на ваков вид. Зошто претходно кажав, нема корелација со Министерството образование. Да се понуди школување во форма на гетоизација, интернатско сместување тоа е чисто форма на едно образование од старата форма. Тоа може конкретно да се каже. Зошто? Пожарникарот 3 години во сегашно време да се школува, да се даде право, кога имаме школува од 4 годишно образование и без работа, може да се каже дека тоа е и смешно.

Потоа, на работата на понудениот нов Центар се преминува со прописи за средните училишта, без да се наведе кои се тие средни училишта и кој е тој закон за средни училишта. Работните места се понудени на Центарот, ги утврдува со акцептун директорот, а директорот го назначува во овој случај министерот за внатрешни работи, значи без да се врши заедничка соработка со Министерството за образование и физичка култура, иако програмите ќе бидат сигурно усогласен* во областа на средното образование.

Што покажува светот? Јасно е дека самиот предлагач нема претстава што нудат светските искуства во овој поглед. Прво и прво во повеќето земји, тука е наведено во образложението дека наводно не постои ваков центар, но не постои ни ваков Центар како што е понуден во законот за средно образование. Зошто ова го кажувам? Во Центарот

VII/6.-

се применува форма за волонтаризација од средното образование, волонтирање на ученикот. А како се врши тоа волонтирање, сигурно сега немаме време и можност да зборуваме. Средношколецот за време на 4 годишното школување во било која форма од средното образование волонитира еднаш неделно или месечно во соодветните институции, односно во Министерството за внатрешни работи како помошник или наблудувач, па после завршеното средно образование со разна форма ќе стекне прав на вработување во соодветното министерство. Бидете сигурни дека тука со ништо не би ви згрешил и не правам никаква грешка, доколку Министеството малку го врати самиот закон и го погледа добро.

Што се случува со високото образование што е понудено сега овде, трансформацијата и намерата за формирање на институт на криминологија. Во светот се познати форми за волонтирање во текот на студиите, оние 4-5 години како студент. Светските искуства покажуваат дека друга форма за волонтирање за време на студиите не постои. Јасно е, дека од било кој факултет тој може да си волонтира,со завршувањето на било кој факултет, со претходниот стаж на волонтирање тој стекнува право да се вработи во Министерството за внатрешни работи.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, мене ме радува што повеќето дискутанти по овој Предлог за донесување закон за основање Центар за образование на кадри за областа на безбедноста, со Предлог на закон, на некој начин се изјаснија дека прифатлива е онаа форма односно оној прв дел т.е. само Предлог за донесување на ваков закон, а не во една скратена постапка и Предлог на закон. Да кажам на почетокот дека се поставува прашањето што е целта со укинувањето на факултетот за

безбедност иако вториот дел од името на овој факултет и мене не ми соодветствува со сегашниот општествено - политички систем во Република Македонија. Но мора да разбереме дека овој факултет во своето досегашно постоење има профилирано стручни кадри кои се специјалисти за криминалистика, антитероризам, специјалисти за борбата против ширењето и шверцувањето на дрога, шверцување оружје, заштита на уставниот поредок и т.н. без разлика што претходно и на овој факултет имаше една партизанија. Мислам дека департизацијата е спроведена на овој факултет и со целиот респект кон другите високо профилирани кадри од областа на правните науки, електро инженери, економисти и т.н., мислам дека онаа посебна специјалност што кадрите ја добиваат на овој факултет, кој дипломираат на овој факултет, сепак и понатаму а особено понатаму и се потребни на[ Република Македонија како независна држава. Дури би рекол дека овој факултет, се разбира со некои измени и дополнувања, би требал од а се промовира како што кажа господинот Петров во еден вид полициска академија и една академија за профилирање на кадри од областа на одбраната, затоа што одделни стручни предмети сигурно ќе имаат допирни точки.

Да повторам целта, односно укинувањето со еден ваков избрзан закон за мене претставува она што јавно се зборува во РМ, а тоа е недоразбирањето меѓу одредени професори на Правниот факултет и оној наставен кадар од Факултетотот за безбедност односно тие професори предводени од сегашниот актуелен министер за внатрешни работи господинот Љубомир Фрчковски на некој начин сакаат да го елиминираа овој факултет за безбедност со мотивација дека такви кадри можат со еден курс од месец или два дена, високо образовани кадри од други те факултети да имаат еден висок дострел на специјалност во сите

области што ги опфаќа областа на безбедноста. Мислам дека тоа е повеќе од очигледно односно користејќи се со тоа дека еве Владата им право да предлага закони, на некој начин се работи за една лична амбиција на Министерот за внатрешни работи, сака да ни протури така би рекол еден не добро осмислен закон, со кој се укинува Факултетот за безбедност, а се остава да има Центар за образование на кадри од областа на безбедноста само во средното образование. Јас како пратеник тоа не би си го дозволил и да напоменам, би го поддржал само Предлогот за донесување на овој закон, а она второто да оди понатаму со една обмислена , би рекол јавна расправа без разлика што повеќе јавна расправа не постои, меѓутоа, во оваа држава мора да се прашаат сите компетентни и стручни субјекти и поединци кои ја разбираат ова проблематика за тоа каков факултет за безбедност ни е потребен во оваа независна македонска држава, затоа што три години како претседател на Комисијата за контрола на Службата за државна безбедност, очигледно контактирајќи со тие луѓе дојдов до сознание дека поединци кои завршиле ан факултетот за безбедност навистина се незаменливи во областа во која сега се вработени во Министерството за внатрешни работи, без разлика дали тоа е во откривањето разни терористички групи во земјата или што треба да се уфрлаат од надвор, односно во откривање на шверцот на оружје, дрога и т.н. На тие луѓе треба да им бидеме благодарни штос е школувале на еден ваков факултет за безбедност, кој има специфична специјалност односно се директни специјалци за ова, луѓето учеле за тоа. Секоја чест на поединци и од правниот и од другите факултети, меѓутоа многу тешко се добива кадар во областа на безбедноста. Дури има едно сознание дека да се профилира еден таков кадар потребно е најмалку 10 години. Затоа, да повторам, би го поддржал законот во првиот степен односно во донесувањето на овој закон, а Предлогот на закон за мене е неприфатлив.

VIII/1.-ДВ/МЛ

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, бидејќи од одделни дискутанти беше спомнувал и заклучокот на Комисијата за внатрешна политика, ако ми дозволите јас само накратко би кажал нешто во врска со Тоа.

Во врска со постапката по која треба да се донесе овој закон, Комисијата не го прифати предлогот на предлагачот овој закон да се донесе во постапката предвидена со член 316 од Деловникот на Собранието. Ова поради тоа што прашањата кои се уредуваат со овој закон се системски и сложени при што се нудат концепциски две нови решенија: основање на Центар за образование на кадри за областа на безбедноста како установа во средното образование и се предлага укинување на Факултетот за безбедност и општествена самозаштита.

Исто така според членот 5 од предложениот закон над работата на Центарот се применуваат постојните прописи од средното образование кои се уште не се усогласени со одредбите на Уставот на Република Македонија ниту пак се понудени нови законски текстови од оваа област.

Беше искажано исто така мислеше дека предлагачот на овој за кон треба да понуди алтернативни решенија во врска со статустси на Факултетот за безбедност.

Комисијата констатира дека е потребно, заради изнаоѓање најсоодветни решенија за оваа суптилна материја, при подготвувањето на предлогот на овој закон предлагачот да го има предвид и мислењето на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј". Од овие причини Комисијата како што е спомнато, му предлага на Собранието да го разгледа само предлогот за донесување на законот за основање на Центар за образование на кадри од областа на безбедноста, а не и предлог на овој закон.

VIII/2.-

Почитувани пратеници, почитувано претседателство. Јас нема долго да се задржам на овој предлог за донесување на законот, меѓутоа сакам да го свртам вашето внимание на два аспекта, што се однесува до Факултетот за безбедност.

Прво од професионална гледна точка,,како можат да се компензионираат професионалните експерти, така речено, од Правниот факултет или од други факултети да се заземат со ваква важна задача која ја извршуваат.

Второ, од друга гледна точка, економската, дали Република Македонија е моќна да подготвува такви кадри кога знаеме дека Факултетот за безбедност бил центар и за создавање на кадри за бивша Југославија.

Меѓутоа, овде и од страна на предлагачот а и од страна на експерти од Факултетот за безбедност се води една борба за да го оправдаат постоењето на Факултетот.' Значи од една страна се правда постоењето на Факултетот, а од друга страна се минимизира постоењето на Факултетот. Мислам дека треба да бидат попрецизни и едните и другите што сакаат да постигнат со тоа, бидејќи има и верзии дека^во Владата се концентрирани прилично професори од Правниот факултет и дека водат некоја битка за да се укине овој Факултет.

Јас имам прочитано материјали, бидејќи секој пратеник доби материјали од Факултетот за безбедност и тие на многу добар начин елаборираат какви кадри создава овој факултет, а нас како пратеници ни е должност длабоко да размислиме и за економската оправданост, бидејќи сепак мислам дека моќта на нашата Република, дали ќе се определиме за една полициска, така да кажам држава или не, бидејќи сепак ние сме мала држава и нашиот економски потенцијал не е толку

голем. Затоа јас како пратеник не сум во состојба стручно да проценам, бидејќи реков дека овде се две струи.

За да донесеме точни заклучоци јас мислам дека треба да водиме грижа, бидејќи треба да се укине еден факултет, а на државата во иднина мислам дека ќе и биде потребен.

**КИРИЛ САРЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Повеќе од дискутантите, а особено господинот Стоиле Стојков многу добро објаснија зошто имаме така добра полиција, односно така добра Служба на безбедност, односно дека тоа се должи на добриот Факултет за образование на кадри од областа на безбедноста. Тоа не го спори ни предлагачот.

Предлагачот нема забелешки на квалитетот на кадрите на Факултетот, постоечки. Тој нема негативни оценки за овој наставнички и професорски кадар. Меѓутоа, две работи доминираат во причините за предлагање на законот за донесување на законот за центарот. Тоа се:

Прво постоечкиот факултет е организиран, односно воведен во 19 77 година, значи скоро пред 17 години и тоа на ниво на поранешната СФРЈ. До тогаш и скоро до сега постоеше само Виша школа за внатрешни работи во земјата.

Оценка на предлагачот е дека на Македонија како држава од повеќе од 2 милиони жители не и треба ваков специјализиран факултет кој ќе исфрла кадри од областа на безбедноста, дека тоа може да се постигне на друг начин.

Втор момент, поврзан со првиот е што веќе се јавува презаситеност во МВР од овој профил на кадри. Се спречува вработување на кадри од друг профил, како од општествени така и од

природни науки.  Ве молам, да се разбереме, криминалистиката пред се се заснива на егзактнит,е на природните науки. Тие ја опслужуваат криминалистиката.

Би било добро, до колку се усвои предлогот и конечно законот да дојде до едно поголемо освежување на кадрите и промена на профилот на кадрите.

Инаку основот и причините добро се оценети во собраниските комисии. Ние и сега имаме прописи, немаме некој правен вакум, имаме прописи од областа на средното образование од областа на високото образование. Како тие ќе се доуредуваат и именуваат, така ќе се доградуваат и прописите за оваа област

Автономијата не е нарушена, меѓутоа, овде имаме една автономија, не така широка како кај другите факултети и средни училишта, затоа што не може до крај да зборуваме за автономија ако МВР има обврска до завршување на средното училиште да ги вработи овие завршени ученици и ако еден дел од наставничкиот и професорскиот кадар на Факултетот за :безбедност во исто време се овластени лица. Ако имаат двојно својство тогаш не може да ги имаат до крај погодностите и од двете области. Според тоа согласен сум со повеќето дискусии што беа дадени. И јас ја прифаќам оценката дека овој закон треба да оди во две фази, да го изоставиме сега Предлогот на законот за Центарот за образование на кадри.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали тоа значи дека го повлекувате Предлогот на законот?

**КИРИЛ САВЕВСКИ:**

Да**.**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на за- кон за основање на Центар за образование на кадри од областа на безбедноста.

Кој е за, молам да крене рака?

Господинот Коле Луловски бара процедурално.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Во заклучокот што ни го понуди претседавачот би сакал паралелно да се одвива првата фаза што е, со законот во средното образование и Со тоа ќе се потврди постоечкиот закон за насочено образование. Звањето пожарникар е еден вид од номенклатурата на занимање. Затоа би требало овој закон да оди паралелно со Законот за средното образование бидејќи понудениот закон со ништо не го решава високото образование, туку се анулира досегашниот Факултет за безбедност што постои. Тука предлагачот мора многу да внимава во тоа што го кажува

Воведувате номенклатура на занимање, пожарникар. Треба да се види, тоа е поим од стриктното насочено занимање, како до вчера што имавме и чевлари.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Се надевам дека Владата ќе ги оцени сугестиите при конципирањето на законот.

Значи го предлагам следниот заклучок:

1.Собранието да го усвои предлогот за донесување на закон за основање на Центар за образование на кадри за областа на безбедноста.

2. Владата да подготви и на Собранието со да му предложи Предлог на закон, имајќи ги предвид извештаите на комисиите, дискусија- та во Собранието на Република Македонија.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака? (50 пратеници).

Дали има некој против? (8 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (7 пратеници).

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Бидејќи има реакција од поедини пратеници, дали се согласувате да дадеме пауза или да продолжиме со работа?

(Пауза).

Јас би ве молел да бидеме точни паузата да трае до 16 часот а точно во 16 часот да продолжиме со работа и да работиме барем еден час по паузата.

Седницата продолжи во 16,30 часот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Минуваме на **точката 8** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за Јавното обвинителство со Предлог на закон.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење од седум минути, а координаторите на пратенички групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог молам да крене рака?

Предлогот не е усвоен.

Минуваме на точка 8 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за Јавното обвинителство, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за јавното обвинителство.

Кој е за, молам да крене рака? (41)

Дали некој е против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (7)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

**ТОМИСЛАВ СТО ЈАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, овој ден некако секогаш е 41. Јас се сомневам, сакам да се провериме, да не одиме да донесуваме закони со броење два, три,четири, седум,осум,девет, единаесет, петнаесет, шеснаесет, седумнаесет, осумнаесет и така да стигнеме до потребниот број. Јас се сомневам во исходот на гласањето, ако ме поддржат 10 души барам да се гласа поединечно, ако не, нека оди.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има десет пратеници кои го поддржуваат предлогот.

**ИГОР СПИРОВСКИ**:

(Прилог)

IX/3

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | воздржан |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | воздржан |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | воздржан |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | против |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | не е тука |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | не е тука |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | воздржан |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | за |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | воздржан |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | за |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | не е тука |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | не е тука |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | воздржан |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | за |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | не е тука |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |

IX/4

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | Не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | за |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | за |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | не е тука |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | воздржан |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | воздржан |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | не е тука |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | не е тука |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| ~~50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ~~ | |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | не е тука |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | воздржан |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | за |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | за |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | не е тука |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | за |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | воздржан |

IX/5

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | Не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 69. СИМОН НАУМО.СКИ | за |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | не е тука |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | не е тука |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | воздржан |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | воздржан |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | за |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | за |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | не е тука |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | не е тука |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | за |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | за |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | воздржан |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | не е тука |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | за |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | не е тука |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | воздржан |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛЌОВСКИ | воздржан |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | воздржан |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | воздржан |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | не е тука |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | воздржан |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | не е тука |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | за |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | не е тука |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | не е тука |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | за |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | воздржан |

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Вкупно гласале 64 пратеници, 43 за 2 против, 19 воздржани Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница1&а се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (?39 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Барам поддршка од 10 пратеници за поединечно изјаснување.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има поддршка од 10 пратеници.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | воздржан |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | воздржан |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | не е тука |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | не е тука |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | не е тука |
| 14. ЃОРГЃИ БОЈКОВСКИ | за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | воздржан |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | за |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | воздржан |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | за |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | не е тука |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | не е тука |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | не е тука |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | за |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | не е тука |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |

2.-

IX/8

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | за |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | воздржан |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | воздржан |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | воздржан |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | не е тука |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 49.ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| ~~50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ~~ | |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | воздржан |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | воздржан |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | за |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | за |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | не е тука |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | за |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | воздржан |

3.-
IX/9

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | за |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | не е тука |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | не е тука |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | не е тука |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | воздржан |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 81 ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | за |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | за |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | не е тука |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | не е тука |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | за |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | за |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | воздржан |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | не е тука |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСЌИ | за |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | за |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | воздржан |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | не е тука |

4.-

IX/10

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | воздржан |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | воздржан |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | воздржан |
| 105. ПЕТРЕ ТРА-ЈАНОСКИ | за |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | не е тука |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | не е тука |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | за |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | за |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | не е тука |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | не е тука |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | за |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | воздржан |

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Гласале вкупно 63 пратеници, 45 за, 1 против, 17 воздржани.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Претпоставувам дека пратеникот Томислав Стефковски, бидејќи побара пауза, констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 1 став и 2 и на член 2 со кој се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ташко Киров поднесе амандман на член 1 став 1 и 2 со кој Владата не се согласува.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, кога Собранието одлучи да се расправа и по текстот на Предлогот на закон, јас имам одлука и беше амандман на ЗПК зборот "јануари" да се замени со "април" и зборот "декември" да се замени со "март". Ова решение, овој амандман беше усвоен од Комисијата на 1 декември, што значи дека минале скоро 3 месеци. Ако се усвои сега вака, практично со моментот на стапување на сила овој закон и тие рокови ќе се надминат.

Сметам дека би било пожелно од претставникот на Владата, има таков мандат, да предложи нов амандман со што Собранието ќе се сложи во оваа смисла, зборот "март" да биде "мај", а зборот "април" да биде "јуни".

Би сугерирал, ова, чисто од практична гледна точка затоа што овој закон уште кој знае колку пати ќе треба да го продолжиме. Ве молам, имајте слух, ако претставникот на Владата предложи оваков предлог да се уважи, без да се бара мислење од другите тела на  Собранието.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор претставникот на Владата, господинот Туше  Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници бидејќи доста време помина, законот не можеше да излезе, ја прифаќаме таа измена на законот наместо "јануари" да биде "јуни", а место декември" да биде "мај". Со ова даваме уште еден простор.

Јас пак би го замолил Собранието законот за судовите веќе еднаш да го стави на гласање, за да се надмине менувањето на сите други закони што се компатибилни со самиот закон бидејќи се органски поставени.

Што се однесува до амандманот на господинот Ташко Киров, тој е спротивен на член 52 став 3. Не може стапувањето на закон во сила да се условува со стапување во сила на друг закон што не е донесен. Од тука нема уставен основ да се прифати тој амандман.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ова е составен дел на законот, меѓутоа збор побара пратеникот Киров.

X/3.-

**ТАШКО КИРОВ:**

Бидејќи овој закон во оваква форма на неколку пати го Донесуваме со иста содржина, целта на амандманот беше да немаме понатаму пак ситуација да донесуваме закони секои три месеци. Суштината е практично само да се пролонгира тој период. Но, бидејќи од страна на ЗПК има нешто слично текстуално, само е подруга,суштина е иста, тој амандман Владата го прифаќа и од тие причини го повлекувам овој амандман.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Констатираме дека немаме амандмани.

Претходниот амандман Владата го прифати и станува составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (48 пратеници)

Кој е против? (Никој)

Дали има воздржани? (3 пратеници).

Очигледно некој не гласал, тројца само се воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за Јавното обвинителство.

Пред да ја прекинам седницата се обраќам до координатори- те на пратеничките групи.

Бидејќи по точките 9 и 10 од дневниот ред ни е потребно двотретинско мнозинство, молам координаторите да се ангажираат

во што пополн состав да присуствуваме утре на седницата на Собранието.

Утре, точно во 10,00 часот ќе започне седницата. Пауза ќе има помеѓу 13 и 14 часот. Но, точно во 10,00часот ќе ѕвониме за почеток на седницата.

Молам сите пратеници да бидат на седницата бидејќи се потребни две третини од вкупниот број на пратениците за гласање.

(Седницата со работа прекина во 17,00 часот).